МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Сектор за комунални работи, урбанизам и
заштита на животната средина
Бул: „ Јане Сандански " бр. 109 Б
Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Сектор за комунални работи, урбанизам и
заштита и унапредување на животната средина
Бр. 18-873/12
02-10-2023 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 65 став (6) од Закон за животна средина („Сл. весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16), градоначалникот на Општина Аеродром, на ден 29.09.2023 год. донесе

## ОДЛУКА ЗА НЕСПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА

1. За планскиот документ Изменување и дополнување на ДУП за Градска четврт И11, Блок И11.12, Општина Аеродром, Скопје не е потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Како органи засегнати од имплементација на планскиот документ Изменување и дополнување на ДУП за Градска четврт И11, Блок И11.12, Општина Аеродром, Скопје се определуваат следните: Министерство за животна средина и просторно планирање и Општина Аеродром.

3. За планскиот документ Изменување и дополнување на ДУП за Градска четврт И11, Блок И11.12, Општина Аеродром, Скопје, донесувањето на планскиот документ ќе нема влијание врз животната средина.

4. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Аеродром: www.aerodrom.gov.mk

5. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

Изработил:
Елизабета Наунова

Контролирал и одобрил:
Иван Кокалановски

Градоначалник на Општина Аеродром
Доц. Д-р Тимчо Муцунски

Дата: 29 09 2023 година

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Изменување и дополнување на ДУП за Градска четврт И 11, Блок И 11.12, Општина Аеродром, Скопје |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Градоначалник |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Бојан Муличковски<br>дипломиран инженер архитект<br>овластен планер потписник |
| Назив на работното место | овластен планер потписник<br>овластување бр.0.0070 |
| Контакт податоци за лицето | телефон: 070 618 525 |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Сектор за комунални работи, урбанизам и заштита и унапредување на животната средина
Бр. 18-873/11
02-10-2023 год.
СКОПЈЕ

| Основни податоци за планскиот документ | | | |
|---|---|---|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** | | | |
| Планскиот документ се изработува врз основа на просторните можности на блок И11.12, постојната состојба, ажурираната геодетска подлога, проектната програма, одредбите кои произлегуваат од изводите од ГУП на град Скопје, 2012-2022 (Одлука бр.07-5068/1 од 03.12.2012г) и ДУП за Градска Четврт И11, Општина Аеродром, (Одлука број 07-8/12 од 29.01.2014г), податоците и информациите од органите на државната управа и другите надлежни субјекти, како и потребите на нарачателот. Изготвувањето на планот се врши во согласност со Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 32/20, 111/23) и Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ" бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23). | | | |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** | | | |
| Да X<br>Не | | | |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** | | | |
| За предметниот опфат постои важечка планска документација чии изводи од планови треба да претставуваат влезни и максимални параметри и смерници при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за урбанистичкото планирање.<br>За предметниот опфат се користени одредбите од Изводот од ГУП на град Скопје, 2012-2022 (Одлука бр.07-5068/1 од 03.12.2012г) и ДУП за Градска Четврт И11, Општина Аеродром, (Одлука број 07-8/12 од 29.01.2014г). Причини за изменување на блок И11.12 се застарени катастарски податоци и препарцелација и уточнување на градежни парцели на барање на крајните корисници во рамките на урбанистичките параметри од важечките урбанистички планови. | | | |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** | | | |
| Не | | | |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планоvи и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)** | | | |
| | | | |
| Да<br>Не √ | Член: / | Точка: / | Алинеја: / |
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** | | | |
| Не | | | |

| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** |
|---|
| Не. Планскиот опфат зафаќа површина во урбано градско подрачје.<br>Опфат на планскиот документ изнесува 2.35ха. |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** |
| Основна цел на планскиот документ е да им овозможи на крајните корисници на просторот реализација на планираните градежните парцели, а во согласност со важечката планска документација и плановите од повисоко ниво. За таа цел е извршено уточнување на  границите на градежните парцели со границите на катастарските парцели од системот Мак едит на Агенцијата за Катастар за недвижности на РСМ, а согласно катастарските податоци од Геодетскиот елаборат "Ажурирана геодетска подлога" изработена од „ГЕО БАЛКАН" ДООЕЛ Битола, заведена под број 08-408/4 од 23.12.2020г.<br>Направено е ново решение за доградба и реконструкција на хидротехничката (водоводна, фекална и атмосферска) и топловодната инфраструктура со што се подобрува квалитетот на живеење и животниот стандард во домаќинствата во локалитетот. Потврдени се и останатите дигитални податоци за постојни и планирани инфраструктурни системи со надлежните комунални претпријатија. |
| **Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** |
| Планирање на просторот. |
| **Периодот за донесување на планскиот документ.** |
| 2021 - 2026 |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?** |
| Да, 5 години |
| **Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)** |
| Границата на планскиот опфат може да се опише и преку координатите на прекршните точки со редни броеви од 1 до 8, а за секоја точка табеларно се дадени следните параметрите по Y и X координати: |

| N | X | Y | |
|---|---|---|---|
| 1 | 7537502.285 | 4649149.361 | |
| 2 | 7537564.01 | 4649111.442 | најјужна |
| 3 | 7537605.292 | 4649178.21 | најисточна |
| 4 | 7537554.445 | 4649209.576 | |
| 5 | 7537449.801 | 4649274.128 | |
| 6 | 7537350.868 | 4649335.083 | најсеверна |
| 7 | 7537309.547 | 4649267.6 | најзападна |
| 8 | 7537421.894 | 4649198.534 | |

Најисточна е точката број 3, со координати Y=7537605.2916 и X=4649178.2099.
Најсеверна е точката број 6, со координати Y=7537350.8675 и X=7537350.8675.
Најзападна е точката број 7, со координати Y=7537309.5469 и X=4649267.6001.
Најјужна е точката број 2, со координати Y=7537564.0097 и X=4649111.4422.

Површината на планскиот опфат во рамки на опишаните граници изнесува вкупно **2,355 ha**, односно **23559m².**

Границите на планскиот опфат се следните:

**Од Север:** по оска на сервисна улица „Венјамин Мачуковски";
**Од Запад:** по оска на сервисна улица „ Венјамин Мачуковски";
**Од Југ:** по оска на блок зададен со Детален урбанистички план за Градска Четврт И 11, Општина Аеродром, (Одлука број 07-8/12 од 29.01 2014год.);
**Од Исток:** по оска на сервисна улица „Венјамин Мачуковски" .



| |
|---|
| **Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.** |
| Да √<br>Не |
| **Дали е приложена копија од целите?** |
| Да √ |

| Не | |
|---|---|
| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) | |
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ можат да настанат од:<br>• Несоодветното управување со генерираниот отпад. | |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата; | Со реализацијата на планскиот документ ќе се постигне рационално искористување и уредување на просторот во рамките на урбанистичките параметри од претходната планска документација.<br>При реализација на содржината во планскиот опфат предвидена со планската документација особено во конструктивната фаза ќе се генерираат емисии во воздухот од градежните активности и од механизацијата, отпад, бучава, вибрации, несакани истекувања и сл. кои може да предизвикаат негативни влијанија врз здравјето на луѓето, воздухот, водата, почвата, биолошката разновидност, пределот и сл.<br>Овие влијанија се оценуваат како можни, локални, повратни и неповратни, краткорочни влијанија. |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Не се очекуваат кумулативни влијанија врз животот и здравјето на луѓето. |
| Прекугранична природа на влијанијата; | Нема. |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | Опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина може да се јават како резултат на несреќи, пожари и хаварии. |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | Блокот И11.12 спаѓа во рамките на Градската Четврт И11 во ГУП на Град Скопје во Општина Аеродром. Во рамките на блокот во постојна состојба се евидентирани 826 жители и 228 домаќинства, со важечката планска документација се планирани 1016 жители и вкупно планирани 308 домаќинства, со планскиот документ се планирани вкупно планирани 911 жители и вкупно планирани 253 домаќинства, имајќи го во предвид нормативот дека просечен број е 3.6 жители во домаќинство. |
| **Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:** | |
| Планирањето и уредувањето на просторот врз принципите на одржлив развој и тоа пред се еколошкиот аспект, економскиот и социјалниот, дозволува концептуално | |

| | |
|---|---|
| просторот да се третира и добие финална реализација се до спроведување и издавање на одобрение за градба за планираните градежни парцели, изработка на проектна документација и реализација на инфраструктурните системи, реализација на сообраќајни површини и јавни паркинг простори, уредување на зеленило со површина минимум 20% од површината на градежните парцели. | |
| **Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:** | |
| Посебни природни карактеристики или културно наследство | Не |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности | Од предвидените плански содржини не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина, ниту пак на граничните вредности. |
| Интензивна употреба на земјиштето | Во рамките на урбанистичките параметри од важечката планска документација и изводот од ГУП. |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | Нема |
| **Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**<br>Со Урбанистичкиот проект се создаваат предуслови за развој на локалната економија и ефектуирање на даночната обврска на сопствениците за плаќање данок на имот што претставува значаен извор на приход на локалната самоуправа. Овој приход мултиплицирано ќе овозможи зголемување на фондовите на општината и развој на повеќе дејности од нивна надлежност со што ќе се овозможи посредно повисок степен на задоволување на потребите и зголемување на квалитетот на услугите кои што локалната самоуправа ги дава на своите граѓани.<br>Целта на изработката на овој план е создавање услови за организација и ефикасно користење на просторот, реконструкција и надградба на комуналните инфраструктурни системи, подобрување на квалитетот на воздухот, намалување на стакленички гасови со овозможување на топлинска енергија преку постоен и планиран топловод, зголемување на енергетската ефикасност. Со правилно планирање и проектирање и добра анализа на влијанијата, предвидената активност во својата оперативна фаза нема да претставува значителен товар врз животната средина. | |
| **Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**<br>Во близина и во рамките на опфатот на планскиот опфат има резиденцијални објекти. | |
| **Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:**<br>**(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста** | |

**и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)**

Преку одржливиот развој ќе се создадат услови за планирање на организиран простор за градба кој ќе биде реализиран и ќе претставува нов циклус во развојот на економијата и стопанството, а во исто време ќе допринесе во хуманото живеење во урбана средина. Од аспект на одржливост, донесувањето на планот позитивно ќе има допринос во локалната и национална економија.

**Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.**
**(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)**

Неправилно управување со отпадот може да доведе до загадување на животната средина и здравјето на човекот.

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**

Просторот на планскиот опфат на Изменување и дополнување на ДУП за Градска четврт И 11, Блок И 11.12, Општина Аеродром, Скопје е опфатен со следната важечка планска документација:

- ГУП на град Скопје, 2012-2022 (Одлука бр.07-5068/1 од 03.12.2012г),
- Детален урбанистички план за Градска Четврт И11, Општина Аеродром, (Одлука број 07-8/12 од 29.01 2014год.).

Соседни важечки детални урбанистички планови:

- Детален урбанистички план Изменување и дополнување на ДУП за Градска Четврт И11, Блок 13 Општина Аеродром, (Одлука број 09-107/13 од 14.03.2017г).
- Детален урбанистички план Изменување и дополнување на ДУП за Градска Четврт И11, Блок 2 Општина Аеродром, (Одлука број 09-293/4 од 29.07.2021г).

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхоходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**

Опфатот е разгледуван во следните плански документи:

- ГУП на град Скопје, 2012-2022 (Одлука бр.07-5068/1 од 03.12.2012г),
- Детален урбанистички план за Градска Четврт И11, Општина Аеродром, (Одлука број 07-8/12 од 29.01 2014го).

**Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на**

<table>
<tr><td colspan="3">одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).<br>Во планскиот документ се дефинирани мерки за заштита и плански одредби кои се задолжителни за реализација на градежните парцели кои се составен дел од Изводот од план.</td></tr>
<tr><td>ИЗЈАВА</td><td colspan="2">Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот</td><td>Раководител на одделение за урбанизам и подготовка на урбанистички планови<br>Страшко Хаџи Коцев<br><br>Раководител на сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животна средина<br>Иван Кокалановски<br><br>Градоначалник на Општина Аеродром<br>Доц. д-р Тимчо Муцунски</td></tr>
<tr><td colspan="2">Датум: 29.09.2023 година<br>Место: Скопје</td><td>М.П.</td></tr>
</table>